*Акционерско друштво во државна сопственост
за вршење на дејноста давање услуги во
воздухопловната навигација*

*Shoqëri aksionare në pronësi shtetërore për kryerjen e
veprimtarisë dhënie të shërbimeve të navigacionit ajror*

„М-НАВ“ А.Д. - СКОПЈЕ

# Тримесечен извештај за работа на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период јануари – март 2022 година

Мај, 2022 година

“Босфор“ Бр. 7, Мралино, Илинден
Република Северна Македонија
Тел: +389 2 3148100 Факс: +389 2 3148239
E-mail: info@mnavigation.mk

“Bosfor“ Nr. 7,Mralino, Ilinden
Republika e Maqedonisë së Veriut
Tel: +389 2 3148100 Fax: +389 2 3148239
E-mail: info@mnavigation.mk

**Содржина**

1. Резиме на активностите на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за првото тримесечје од 2022 година....................................................................................................3

2. Анализа на планирани и реализирани приходи и расходи на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за првото тримесечје од 2022 година ..............................................6

3. Компаративна анализа на реализирани приходи и расходи на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за првото тримесечје од 2022 во споредба со истиот период од 2021 година...................................................................................................10

4. Информација за финансиското работење на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за првото тримесечје од 2022 година..........................................................................17

# 1 Резиме на активностите на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за првото тримесечје од 2022 година

- Првото тримесечје во 2022 година бележи пораст следејќи го позитивното сценарио на Eurocontrol. Првите три месеци споредбено со 2019 година, која година сеуште се зема како основ при споредување на сообраќајот, „М-НАВ“ А. Д. - Скопје бележи благ пораст во однос на 2019 година во делот на прелети. Но, имајќи го во предвид неизвесното продолжено влијание на состојбата со пандемијата од Covid-19 и во 2022 година како и нејзиното можно директно влијание врз воздушниот сообраќај и приходите на Друштвото и во текот на 2022 година ќе се продолжи со дел на антикризни мерки за одржливост на ликвидноста на Друштвото.
- Врз основа на на планираните приходи во 2022 година и планираните расходи на Друштвото, односно менаџерскиот тим ги презеде сите потребни чекори за финализирање за докредитирање и репрограмирање на кредитот од ЕБОР на Друштвото преку продолжување на рокот за исплата од 2025 на 2028 година, како и склучување на нов Договор за заем со локална банка во вкупен износ од 5.000.000,00 еур се со цел одржување на ликвидноста и сервисирање на дневните потреби за извршување на дејноста, со особен аспект на одржување на високо ниво на безбедноста на воздушниот сообраќај.
- Менаџерскиот тим, како зацртана цел ја има континуираната анализа и адаптација на ситуацијата со актуелната пандемија од Covid-19. Прилагодувањата одат во насока на постепено зголемување на сообраќајот со однапред координирани акции меѓу сите чинители во воздухопловството, под покровителство на Eurocontrol.
- Менаџерскиот тим имајќи го во предвид неизвесното продолжено влијание на состојбата со пандемијата од Covid-19 и во 2022 година како и нејзиното можно директно влијание врз воздушниот сообраќај и приходите на Друштвото, во насока на изнаоѓање на решение за надминување на актуелната состојба за делот кој би ги опфатил и платите на вработените во однос на приходите на Друштвото, со цел на изнаоѓање взаемно решение за исполнување на договорните обврски се отпочна колективно договарање со репрезентативните синдикати при „М-НАВ“ А.Д. - Скопје.
- Пандемијата од Covid-19, покрај сите преземени здравствени мерки и алтернативни начини на работење, не го заобиколи друштвото и имаше директен импакт врз вработените во Друштвото. Менаџментот продолжи со грижа за вработените следејќи ги сите насоките добиени од акционерот – Владата на РСМ и нивните одлуки.
- Проектот за надградба на македонскиот систем за воздухопловна навигација, по Договорот за задолжување со ЕБОР од 24.09.2013 година, ова тримесечје продолжи со активностите за интезивирање на меѓусебните контакти се со цел продолжување на имплементација на системот, неговото прилагодување, како и финализирање на предвидените задачи за отпочнување на градба. Во првото тримесечје од 2022 година се одржуваа континуирани видео состаноци на кои се

финализираа последните чекори пред имплементација на Проектот. Се продолжи со активностите за реализација на Factory Acceptance Test-ирањата (FAT) се во насока да бидат завршени во најскоро време.

- Проектите за набавката на нов MODE-S радар и VCS, по нивното објавување од страна на кредиторот - ЕБОР се во втора фаза на избирање на најповолен понудувач, по што ќе следат активности за потполна имплементација на истите.
- Иницирани се повеќе интерни проекти за оптимизација на функционалностите на постоечкиот оперативен ATM систем, формирани се експертски работни групи задолжени за анализи за подобрување на перформансите на самиот систем со што би се намалил ризикот од негово оптоварување и воедно би се овозможило нормално функционирање на системот во услови кога имплементацијата на новиот е продолжена поради настаните состојби предизвикани од пандемијата од Covid-19. Дел од овие подобрувања и имплементација на оптимизираните функционалности се планирани за летната сезона 2022 година.
- Во насока на формално техничко решавање на делегирањето на сервисот од делот на воздушниот простор кој и припаѓа на Република Албанија, а се користи за слетување на Охридскиот аеродром, по одржани неколкукратни состаноци со Albcontrol, ќе биде потпишана Спогодба помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија за делегирање на услуги во воздушниот сообраќај на дел на воздушниот простор над Охридското Езеро.
- Во текот на првото тримесечје од 2022 година се продолжи со активностите на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје во регионалните и мултилатералните активности во рамки на работните групи на Eurocontrol, ICAO, NATO и CANSO. Исто така се реализираат сите активности во работата на Danube FAB, Bluemed FAB, Gate One платформата, како и билатералните соработки со давателите на услуги за контрола на летање од сите соседни земји.
- „М-НАВ“ А.Д. - Скопје во рамките на ова тримесечје, по спроведување на сите законски активности потребни за продолжување на Уверението за оспособеност за давање на услуги на воздухопловната навигација пред Агенцијата за цивилно воздухопловство, истото го продолжи со важност до 2024 година.
- Според статистиките на Централното биро за наплата (Central Route Charging Office - CRCO) на Eurocontrol за реализираните наплатни единици од прелетите во 2022 година, Република Северна Македонија во првото тримесечје од 2022 година бележи зголемување од 132,0% во однос на истиот период во 2021 година, а 29,0% во однос на планираниот воздушен сообраќај за првото тримесечје од 2022 година.
- Во текот на првото тримесечје во 2022 година се опслужени вкупно 30.743 летови од кои 27.763 прелети и 2.980 полетувања и слетувања на аеродромите во Скопје и Охрид.
- Бројот на прелетите во првото тримесечје од 2022 година е зголемен за 135%, додека бројот на операциите на двата аеродроми е зголемен за 43,2% во однос на истиот период од 2021 година.
- Табела од Централното Биро на Eurocontrol за реализирани наплатни единици од прелетите над Република Северна Македонија во периодот од 01.01 до 31.03.2022 година:

| Charge area : | LW |
|---|---|

| | Month | 2022 Actual | 2022 Unit Rate Basis | 2021 Actual | 2020 Actual | 2019 Actual | 2022 A /2022 F | 2022 A /2019 A | 2021 A /2019 A |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | (1) | (2) | (3) | (4) | (5) | (1)/(2) | (1)/(5) | (3)/(5) |
| 1 | January | **17,786** | *14,436* | 8,338 | 22,672 | 17,708 | 23.2% | 0.4% | -52.9% |
| 2 | February | **15,376** | *13,564* | 6,852 | 20,493 | 16,639 | 13.4% | -7.6% | -58.8% |
| 3 | March | **23,176** | *15,679* | 9,087 | 14,355 | 19,233 | 47.8% | 20.5% | -52.8% |
| 4 | April | | *23,174* | 9,845 | 3,678 | 28,427 | | | -65.4% |
| 5 | May | | *32,979* | 12,454 | 4,181 | 40,456 | | | -69.2% |
| 6 | June | | *37,480* | 21,943 | 5,417 | 45,978 | | | -52.3% |
| 7 | July | | *41,208* | 38,450 | 17,682 | 50,551 | | | -23.9% |
| 8 | August | | *41,263* | 45,991 | 25,368 | 50,618 | | | -9.1% |
| 9 | September | | *36,960* | 40,390 | 21,879 | 45,339 | | | -10.9% |
| 10 | October | | *30,957* | 40,568 | 19,010 | 37,975 | | | 6.8% |
| 11 | November | | *16,798* | 21,639 | 9,596 | 20,607 | | | 5.0% |
| 12 | December | | *17,502* | 19,771 | 9,849 | 21,469 | | | -7.9% |
| **TOTAL** | | **56,337** | ***322,000*** | 275,328 | 174,181 | 395,000 | **29.0%** | **5.1%** | -30.3% |

Со почит,

**Претседател на Управен одбор**
**Kryetar i Këshillit Drejtues**
**Fahrudin Hamidi**

# 2 Анализа на планирани и реализирани приходи и расходи за првото тримесечје од 2022 година

## 2.1 Анализа на планирани и реализирани приходи на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за првото тримесечје од 2022 година

Како што може да се види од табелата 2.1 подолу, во првото тримесечје од 2022 година „М-НАВ“ А.Д. - Скопје реализира за 32,54% повеќе приходи во однос на планираните за извештајниот период и тоа:

- 39,68% повеќе реализирани приходи од прелети на воздухоплови;
- 6,93% повеќе реализирани приходи од терминалните услуги на воздухопловна навигација;
- 54,18% помалку реализирани останатите приходи.

Планирањето на приходите од прелети во Финансискиот план на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за 2022 година се базираше на анализите на воздушниот сообраќај во Република Северна Македонија во првите девет месеци во 2021 година како и на трите сценарија изготвени од страна на Eurocontrol во октомври 2021 година за бројот на летови и наплатни единици во периодот помеѓу 2021 – 2027 година во услови на нарушен воздушен сообраќај поради пандемијата со Covid-19 која што ги зафати безмалку сите земји во светот.




**Табела 2.1: Планирани и реализирани приходи на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за првото тримесечје од 2022 година[1]**

| ***ВИД НА ПРИХОДИ*** | ***ПЛАНИРАНИ 01.01 - 31.03.2022*** | ***РЕАЛИЗИРАНИ 01.01 - 31.03.2022*** | ***% на реализација*** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **ПРЕЛЕТИ** | 110.719.848,45 | 154.649.285,59 | 139,68 |
| | | | |
| **ТЕРМИНАЛНИ УСЛУГИ** | 20.669.306,22 | 22.102.162,74 | 106,93 |
| | | | |
| **ОСТАНАТИ ПРИХОДИ** | 3.000.000,00 | 1.374.170,59 | 45,82 |
| | | | |
| ***ВКУПНО ПРИХОДИ (МКД)*** | **134.389.154,67** | **178.125.618,92** | **132,54** |

[1] Извор: Годишен финансиски план на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за 2022 година; Бруто-биланси на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период 01.01-31.03.2022 година (со датум од 05.05.2022 година).

Состојбата со сообраќајот во 2022 година опширно е образложена во Точка 1 – Анализа на воздушниот сообраќај во Република Северна Македонија како составен дел на Тримесечниот извештај за работата на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период јануари – март 2022 година.

### *2.1.1 Графички приказ на планирани и реализирани приходи за првото тримесечје од 2022 година*




## 2.2 Анализа на планирани и реализирани расходи за првото тримесечје од 2022 година

**Табела 2.2: Планирани и реализирани расходи за првото тримесечје од 2022 година**[2]

| ***ВИД НА РАСХОДИ*** | ***ПЛАНИРАНИ 01.01-31.03.2022*** | ***РЕАЛИЗИРАНИ 01.01-31.03.2022*** | ***% на реализација*** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Вкупно трошоци за вработените** | **190.209.431,70** | **182.079.135,00** | **95,73** |
| Бруто плати | 189.459.431,70 | 180.919.483,00 | 95,49 |
| Други трошоци за вработените | 750.000,00 | 1.159.652,00 | 154,62 |
| | | | |
| **Вкупно материјални трошоци** | **19.658.000,00** | **12.729.697,08** | **64,76** |
| Трошоци за суровини и материјали | 850.000,00 | 78.750,00 | 9,26 |
| Трошоци за резервни делови | 4.000.000,00 | 16.851,00 | 0,42 |

[2] Извор: Годишен финансиски план на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за 2022 година; Бруто-биланси на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период 01.01-31.03.2022 година (со датум од 05.05.2022 година).

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потрошена енергија | 3.900.000,00 | 4.743.763,00 | 121,63 |
| Транспортни услуги | 1.220.000,00 | 264.432,40 | 21,67 |
| Поштенски, телефонски услуги и интернет | 4.220.000,00 | 3.789.327,68 | 89,79 |
| Трошоци за одржување | 4.970.000,00 | 1.424.107,00 | 28,65 |
| Дополнително утврдени трошоци минати години | 498.000,00 | 2.412.466,00 | 484,43 |
| | | | |
| **Вкупно нематеријални трошоци** | **20.603.200,00** | **16.856.386,56** | **81,81** |
| Закуп на канцелариски простор | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| Останати услуги | 249.000,00 | 60.197,00 | 24,18 |
| Дневници за сл.пат и патни трошоци | 3.600.000,00 | 1.522.347,11 | 42,29 |
| Трошоци за репрезентација | 750.000,00 | 528.875,27 | 70,52 |
| Премии за осигурување | 2.698.000,00 | 388.121,00 | 14,39 |
| Членарини во меѓународни организации и друго | 406.200,00 | 963.790,04 | 237,27 |
| Останати нематеријални трошоци | 12.900.000,00 | 13.393.056,14 | 103,82 |
| | | | |
| **Амортизација** | **11.250.000,00** | **11.250.000,00** | **100,00** |
| | | | |
| **Останати трошоци од работењето** | **0,00** | **0,00** | **0,00** |
| | | | |
| **Вкупно финансиски трошоци** | **3.600.000,00** | **5.405.088,45** | **150,14** |
| Банкарски трошоци | 600.000,00 | 203.732,87 | 33,96 |
| Камати по банкарски кредити | 3.000.000,00 | 5.201.355,58 | 173,38 |
| ***ВКУПНО РАСХОДИ (МКД)*** | **245.320.631,70** | **228.320.307,09** | **93,07** |

***2.2.1 Графички приказ на планирани и реализирани расходи за првото тримесечје од 2022 година***




Како што може да се види од табелата 2.2 погоре, во првото тримесечје од 2022 година „М-НАВ“ А.Д. - Скопје реализира за 6,93% помалку расходи во однос на планираните за извештајниот

период, при што:

- Ставката – други трошоци за вработените, реализирани се повеќе средства од планираните заради исплатени трошоци за смрт на член во семејство, помош на вработени, задолжителни лекарски прегледи на контролорите, трошоци за испити, истите што се исплаќаат согласно Колективниот договор на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје;
- Ставката – потрошена енергија реализирани се повеќе средства од планираните во најголем дел заради зголемената цена на електричната енергија во 2022 година;
- Ставката – дополнително утврдени трошоци од минати години, реализирани се повеќе средства од планираните заради трошоци направени во 2021 година, а истите пристигнати и книжени во првото тримесечје од 2022 година (најголем дел во износ од 2.202.417,00 денари се однесува на трошоци за електрична енергија за месец декември 2021 година, 71.037,00 денари за трошоци за интернет и други трошоци со помали износи);
- Ставката – членарини во меѓународни организации, реализирани се повеќе средства од планираните заради исплатена ½ од износот на годишната членарина за Canso во износ од 12.599,00 еур или околу 777.000,00 денари;
- Ставката – останати нематеријални трошоци, реализирани се повеќе средства од планираните во најголем дел заради исплата на трошоците за сертификација за 2022 година кон АЦВ во износ од 10.179.642,00 денари, како и исплата на фактура во износ од 1.860.782,89 денари согласно договорот за консултативни услуги со Egis Avia;
- Ставката – камати по банкарски кредити, реализирани се повеќе средства од планираните заради исплата на камата за задоцнето плаќање на придонеси за 2020 година во износ од 3.130.252,00 денари;
- Амортизацијата е пресметана согласно сметководствената политика на М-НАВ А.Д. Скопје во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ).

Како што може да се види од горенаведената табела, останатите реализирани трошоци на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје во првото тримесечје од 2022 година се во рамките на планираните, додека кај некои се забележува значително намалување од планираното.

Со оглед на фактот што кај најголем дел од ставките на реализирани расходи во однос на планираните за извештајниот период нема отстапување (со исклучок на горенаведените ставки, кои се резултат на околности што неможеле да се предвидат во процесот на планирање, заради изменети околности во опкружувањето или заради претпоставки што во текот на планирањето не биле земени во предвид), се доаѓа до заклучок дека износот на зголемувањето е незначаен за Друштвото и нема да има тенденција на зголемување во наредниот период, односно нема да ја доведе во прашање реализацијата на редовните планирани ставки. Тоа значи дека ефектите од настанатите отстапувања кај овие ставки немаат директно влијание на остварување на целите од финансискиот план на Друштвото за 2022 година, односно Управниот одбор нема потреба да презема дополнителни мерки за пренамена на средства во рамки на истиот финансиски план, односно одложување на реализација на одредена цел или евентуално обезбедување на дополнителни извори на финансирање.

Согласно горенаведената анализа, во првото тримесечје од 2022 година реализирани се поголеми расходи од приходи (загуба) во износ од 50.194.688,17 денари.

# 3 Анализа на реализирани приходи и расходи за првото тримесечје од 2022 година во споредба со истиот период од 2021 година

## 3.1 Анализа на реализирани приходи за првото тримесечје од 2022 година во споредба со истиот период од 2021 година

Како што може да се види од Табелата 3.1 подолу, реализираните вкупни приходи во првото тримесечје од 2022 година во споредба со истиот период од 2021 година се зголемени за 130,75% и тоа:

- 147,45% повеќе реализирани приходи од прелети на воздухоплови;
- 67,59% повеќе реализирани приходи од терминалните услуги на воздухопловна навигација;
- 9,04% помалку реализирани останати приходи.




Пандемијата со Covid -19 и во текот на 2021 година имаше негативно влијание врз развојот на воздушниот сообраќај во целост. Меѓутоа, обемот на севкупниот сообраќај забележа значителен пораст во однос на 2020 година како резултат на преземените мерки, процесот на имунизација и намалените рестрикции за патување кои што беа воведени од страна на голем број на држави. За разлика од почетокот на кризата, сообраќајот во последното тримесечје од 2021 година бележи закрепнување и го следеше образецот од 2019 година, односно периодот пред отпочнување на кризата предизвикана од пандемијата. Овој позитивен тренд на закрепнување на сообраќајот продолжи и во првото тримесечие од 2022 година што придонесе за значително зголемување на приходите од реализирани услуги на друштвото, а од друга страна дополнително дава добра основа за попрецизно предвидување на сообраќајот во втората половина на 2022 година и соодветно планирање на потребите за негово опслужување.

**Табела 3.1: Реализирани приходи за првото тримесечје од 2022 година во споредба со истиот период од 2021 година[3]**

| ***ВИД НА ПРИХОДИ*** | ***РЕАЛИЗИРАНИ 01.01-31.03.2022*** | ***РЕАЛИЗИРАНИ 01.01-31.03.2021*** | ***% на реализација 2022/2021*** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **ПРЕЛЕТИ** | **154.649.285,59** | **62.496.411,32** | **247,45** |
| | | | |
| **ТЕРМИНАЛНИ УСЛУГИ** | **22.102.162,74** | **13.188.620,88** | **167,59** |
| | | | |
| **ОСТАНАТИ ПРИХОДИ** | **1.374.170,59** | **1.510.758,05** | **90,96** |
| ***ВКУПНО ПРИХОДИ (МКД)*** | ***178.125.618,92*** | ***77.195.790,25*** | ***230,75*** |

### *3.1.1 Графички приказ на реализирани приходи за првото тримесечје од 2022 година во споредба со истиот период од 2021 година*




[3] Извор: Бруто-биланси на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период 01.01-31.03.2022 година (со датум од 05.05.2022 година); Тримесечен извештај за работа на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период јануари – март 2021 година.

## 3.2 Анализа на реализирани расходи за првото тримесечје од 2022 година во споредба со истиот период од 2021 година

**Табела 3.2: Реализирани расходи за првото тримесечје од 2022 година во споредба со истиот период од 2021 година[4]**

| ***ВИД НА РАСХОДИ*** | ***РЕАЛИЗИРАНИ 01.01-31.03.2022*** | ***РЕАЛИЗИРАНИ 01.01-31.03.2021*** | ***% на реализација 2022/2021*** |
|---|---|---|---|
| **Вкупно трошоци за вработените** | **182.079.135,00** | **130.154.570,00** | **139,89** |
| Бруто плати | 180.919.483,00 | 129.993.969,00 | 139,18 |
| Други трошоци за вработените | 1.159.652,00 | 160.601,00 | 722,07 |
| | | | |
| **Вкупно материјални трошоци** | **12.729.697,08** | **8.502.958,73** | **149,71** |
| Трошоци за суровини и материјали | 78.750,00 | 70.599,00 | 111,55 |
| Трошоци за резервни делови | 16.851,00 | 21.134,00 | 79,73 |
| Трошоци за енергија | 4.743.763,00 | 1.206.362,00 | 393,23 |
| Транспортни услуги | 264.432,40 | 203.308,00 | 130,06 |
| Поштенски, телефонски услуги и интернет | 3.789.327,68 | 4.102.982,17 | 92,36 |
| Трошоци за одржување | 1.424.107,00 | 1.672.431,19 | 85,15 |
| Дополнително утврдени трошоци минати години | 2.412.466,00 | 1.226.142,37 | 196,75 |
| | | | |
| **Вкупно нематеријални трошоци** | **16.856.386,56** | **4.057.745,25** | **415,41** |
| Закуп на канцелариски простор | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| Останати услуги | 60.197,00 | 67.690,00 | 88,93 |
| Дневници за сл.пат и патни трошоци | 1.522.347,11 | 36.779,00 | 4.139,17 |
| Трошоци за репрезентација | 528.875,27 | 211.435,00 | 250,14 |
| Премии за осигурување | 388.121,00 | 2.342.405,00 | 16,57 |
| Членарини во меѓународни Организации | 963.790,04 | 160.565,00 | 600,25 |
| Останати нематеријални трошоци | 13.393.056,14 | 1.238.871,25 | 1.081,07 |
| | | | |
| **Амортизација** | **11.250.000,00** | **14.625.000,00** | **76,92** |
| | | | |
| **Останати трошоци од работењето** | **0,00** | **0,00** | **0,00** |
| | | | |
| **Вкупно финансиски трошоци** | **5.405.088,45** | **2.410.756,72** | **224,21** |
| Банкарски трошоци | 203.732,87 | 146.088,88 | 139,46 |
| Камати по банкарски кредити | 5.201.355,58 | 2.264.667,84 | 229,67 |
| ***ВКУПНО РАСХОДИ (МКД)*** | ***228.320.307,09*** | ***159.751.030,70*** | **142,92** |

[4] Извор: Бруто-биланси на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период 01.01-31.03.2022 година (со датум од 05.05.2022 година); Тримесечен извештај за работа на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период јануари-март 2021 година.

### *3.2.1 Графички приказ на реализирани расходи за првото тримесечје од 2022 година во споредба со истиот период од 2021 година*




Како што може да се види од Табелата 3.2 погоре, реализираните вкупни трошоци на Друштвото во првото тримесечје од 2022 година се зголемени за 42,92% во споредба со истиот период од 2021 година, при што:

- Ставката – бруто плати за вработените е зголемена заради зголемените и планираните трошоци за бруто плати за трансформација на работниот однос на 11 контролори на летање на неопределено време почнувајќи од 01.01.2022 година, како и трошоците за бруто плати за новоВработените лица, и истата е во согласност со планираните трошоци за 2022 година;
- Ставката – други трошоци за вработените во која влегуваат трошоци за исплата на јубилејните награди, на помош за смрт на член во семејство, помош на вработени, задолжителни лекарски прегледи на контролорите, трошоци за испити, трошоците за исплата на К-15 и 13-та плата, како и трошоци за превоз на вработени надвор од Скопје, што се исплаќаат согласно Колективниот договор на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје, се зголемени во однос на 2021 година и детално прикажани подолу:

**Табела 3.3: Реализирани други трошоци за вработените за првото тримесечје од 2022 година во споредба со истиот период од 2021 година[5]**

| Други трошоци за вработените | 01.01-31.03.2022 | 01.01-31.03.2021 |
|---|---|---|
| | | |
| Помош за смрт на член од семејство | 446.335,00 | 0,00 |
| Помош на вработени | 198.775,00 | 87.643,00 |
| Надомест за одвоен живот | 0,00 | 6.169,00 |
| Задолжителни лекарски прегледи на контролори | 311.824,00 | 57.900,00 |
| Трошоци за испити | 201.492,00 | 8.889,00 |
| Останати надоместоци за вработени | 1,226,00 | 0,00 |
| **Вкупно** | **1.159.652,00** | **160.601,00** |

- Ставката – трошоци за суровини и материјали покажува зголемување во процентни поени, но вредносно зголемувањето е мало и истата е во согласност со планираните трошоци за 2022 година;
- Ставката – трошоци за енергија покажува зголемување во најголем дел заради зголемената цена на електричната енергија во 2022 година;
- Ставката – транспортни услуги покажува зголемување во процентни поени, но не предизвикува значителни финансиски импликации на Друштвото и истата е во согласност со планираните трошоци за 2022 година;
- Ставката – останати услуги во 2022 се намалени во споредба со 2021 година и детално прикажани подолу:

**Табела 3.4: Реализирани останати услуги за првото тримесечје од 2022 година во споредба со истиот период од 2021 година[6]**

| Останати услуги | 01.01-31.03.2022 | 01.01-31.03.2021 |
|---|---|---|
| | | |
| Регистрација на возила | 0,00 | 1.330,00 |
| Огласи во дневни весници | 60.197,00 | 66.360,00 |
| **Вкупно** | **60.197,00** | **67.690,00** |

- Ставката – дневници за службен пат и патни трошоци се зголемени во споредба со 2021 година во најголем дел за трошоците за ноќевање и дневници за службени патувања во странство, како резултат на интензивирани инвестициони активности, но истите се во рамки на планираните трошоци за 2022 година. Како резултат на сите забрани за патувања што беа донесени во 2021 година, заради пандемијата со Covid-19, инвестиционите активности беа сведени на минимум;
- Ставката – трошоци за репрезентација се зголемени во споредба со 2021 година во најголем дел за трошоците за деловни состаноци

[5] Извор: Бруто-биланси на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период 01.01-31.03.2022 година (со датум од 05.05.2022 година); Тримесечен извештај за работа на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период јануари-март 2021 година.

[6] Извор: Бруто-биланси на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период 01.01-31.03.2022 година (со датум од 05.05.2022 година); Тримесечен извештај за работа на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период јануари-март 2021 година.

поврзани со инвестиционите активности, но истите се во рамки на планираните за 2022 година;

- Ставката – членарини во меѓународни организации е зголемена во однос на 2021 година во најголем дел за исплатен ½ од износот на годишната членарина за Canso во износ од 12.599,00 еур или околу 777.000,00 денари;
- Ставката - останати нематеријални трошоци во 2022 година се зголемени во споредба со 2021 година, како што следи:

**Табела 3.4: Реализирани останати нематеријални трошоци за првото тримесечје од 2022 година во споредба со истиот период од 2021 година**[7]

| Останати нематеријални трошоци | 01.01-31.03.2022 | 01.01-31.03.2021 |
|---|---|---|
| | | |
| **Наемнина за недвижности** | **16.037,00** | **16.995,00** |
| - Закуп за антена на Црн Врв | 16.037,00 | 16.995,00 |
| Надомест надзорен одбор | 89.999,00 | 106.665,00 |
| Авторски хонорари[8] | 83.502,00 | 430.164,00 |
| Консултантски услуги[9] | 1.860.782,89 | 0,00 |
| **Семинари и советувања** | ***18.500,00*** | ***7.610,00*** |
| - Останати курсеви и обуки за вработените | 18.500,00 | 7.610,00 |
| Адвокатски услуги[10] | 131.663,00 | 296.202,00 |
| Одржување на софтвер | 22.506,00 | 20.460,00 |
| **Останати интелектуални услуги** | ***896.305,25*** | ***242.956,25*** |
| -Брокерски услуги[11] | 500.000,00 | 0,00 |
| - Изработка на геодетски елаборат | 60.000,00 | 0,00 |
| - Геодетско мерење | 55.000,00 | 0,00 |
| - Електронска база на податоци | 20.994,00 | 0,00 |
| - Изработка на градежно-техничка док. | 14.160,00 | 0,00 |
| - Превод на документи | 10.665,00 | 11.600,00 |
| - Годишен надоместок од Македонска берза[12] | 4.130,00 | 0,00 |
| -Трошоци за провизија на Eurocontrol[13] | 231.356,25 | 231.356,25 |
| Стручни списанија и весници[14] | 7.946,00 | 29.801,00 |
| Трошоци за сертификација и лиценци од АЦВ[15] | 10.212.290,00 | 16.027,00 |
| **Други нематеријални трошоци** | ***53.525,00*** | ***71.991,00*** |

[7] Извор: Бруто-биланси на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период 01.01-31.03.2022 година (со датум од 05.05.2022 година); Тримесечен извештај за работа на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период јануари-март 2021 година.
[8] Согласно Договори за дело на 3 вработени во 2022 година, а 5 вработени во 2021 година.
[9] Согласно Договорот за консултативни услуги со ЕГИС АВИА.
[10] Согласно Договори со Адвокат Мефаиљ Арслани, Адвокат Зекир Зекири и Адвокат Албин Беџети, додека во 2021 година имало склучено договори со Адвокат Мефаиљ Арслани и адвокат Зекир Зекири.
[11] Согласно Договор со СН Осигурителен брокер.
[12] За објавување на финансиски извештаи на слободен пазар.
[13] По Договор за вршење на услуги за наплата на АТС услуги од авиокомпании.
[14] Репрезент, Правник, Академик, Коха, Слободен печат.
[15] Овој износ во најголем дел ги опфаќа трошоците за сертификација за 2022 година кон АЦВ во износ од 10.179.642,00 денари, а остатокот се трошоци за лиценци. Во 2021 година трошоците за сертификација беа сметководствено евидентирани како трошок во наредните тримесечја од 2021 година, бидејќи се отплаќаа квартално, заради лошата финансиска состојба на Друштвото.

| | | |
|---|---|---|
| - Трошоци за архивирање на документи[16] | 40.038,00 | 13.346,00 |
| - Трошоци за изработка на идентификациони картички[17] | 6.274,00 | 43.918,00 |
| - Други нематеријални трошоци[18] | 4.770,00 | 14.727,00 |
| - Надоместок од Централен Регистар[19] | 2.443,00 | 0,00 |
| **Вкупно** | **13.393.056,14** | **1.238.871,25** |

- Ставката – камата по банкарски кредити е зголемена во однос на 2021 година заради исплата на камата за задоцнето плаќање на придонеси за 2020 година во износ од 3.130.252,00 денари.

[16] Согласно Договор со фирма INBOX Скопје.
[17] Идентификациони картички за пристап на вработени од „М-НАВ“ А.Д. - Скопје на аеродромска писта и аеродромски простории, сопственост на ТАВ Македонија.
[18] Фотокопирање на документи, изработка на визит карти и сл.
[19] Административна такса за поднесување на Годишна сметка во Централен Регистар.

## Информација за финансиското работење на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за првото тримесечје од 2022 година

„М-НАВ“ А.Д. - Скопје во периодот 01.01-31.03.2022 година своето работење го извршуваше со 301 вработени.

За овој пресметковен период амортизација е земена пресметковно ¼ од вкупната пресметана амортизација за 2022 година.

На крајот на периодот 31.03.2022 година на сметките на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје го има следното салдо:

| | |
|---|---|
| жиро сметка во Комерцијална банка | 2.278.724,00 денари |
| девизна сметка во Комерцијална банка | 6.511.269,61 ЕУР |

Според принципите на Eurocontrol фактурирањето на реализацијата за тековниот месец се врши во наредниот месец, а наплатата е во месецот што следи наредниот месец (на пр. реализираниот сообраќај за февруари се фактурира во март, а наплатата е во април). Согласно овој принцип овие побарувања се со рочност од 30-60 дена.

Побарувањата од Eurocontrol (од прелети и терминални услуги) со состојба на 29.03.2022 година изнесуваат 81.560.135,80 денари.